

Предавникот на македонските национални интереси, аболицираниот лидер на СДСМ и воедно актуелен премеир на Република Македонија, Зоран Заев со не говите поданици од ден на ден од кога е на власт прави потези кои се штетни по нашата мила и низ векови напатена Република Македонија.

Да одиме по ред:

Потпишувањњето на договорот за добрososедство и соработка со нашиот источен сосед, Република Бугарија каде се негира македонската историја и следствено на тоа се понижува македонсккот народ во целина.

Заедничкото чевствување на македонскиот и бугарскиот политички врв на националниот празник Илинден и положување на цвеќе во црквата СВ.Опас во Скојде каде се наоѓаат моштите на великаниот на македонскиот непокор Гоце Делчев.

Законот за јазиците каде се предлага албанскиот Јазик да биде втор официјален јазик на цела Република Македонија.

По ова прашање се тактизира до локалните избори. Имено, ова прашање од брифинзите на владини членови е поминато на владина седница и истото од Владини извори е најавено дека ќе се даде на разгледување во Венецијанската комисија. Многу извесно е дека истото ќе влезе како точка на дневен ред во Законодавниот дом по одржувањето на локалните избори (15 октомври).

Најновото од серијата на грешки на аболицираниот лидер Зоран Заев,алијас Бошко Буха е Нацрт - стратегидата за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија (2017-2027 година) и Националниот акционен план произлезен од стратегилата донесена од Владата на Република Македонија каде ќе треба да се населат мигранти и бегалци и во мојот роден град Прилеп.

Иронијата да биде уште поголема пред извесно време МТСП се обрати до ЗЕЛС каде член е и општина Прилеп за да се даде мислење по ова прашање.

Како прилепчанец сакам да ја обелоденам активноста на политичкиот прилепски субјект по ова прашање.

Имено, пред извесно време на последната седница на Општина Прилеп пред советннците беше единствената точка на дневен ред и тоа Предлог одлука за определување на места и услови за истакнување на плакати за наредните локални избори кои треба да се одржат на 15 октомври оваа година.

На предлог на советничката група на ВМРО ДПМНЕ беше да се постави и точка на дневен ред со донесување на Одлука за неприфаќање на Нацрт-стратегијата за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија (2017- 2027 година) и Национален акционен план произлезен од стратегијата донесен од Владата на Република Македонија каде ќе треба да се населат мигранти и бегалци во мојот роден град Прилеп.

Овој предлог советннците на СДСМ бурно реагираа и ја напуштија седницата.

Во оваа прилика се прашувам каде е СДСМ-овската декларација деќа граѓаните за нив ќе бидат во преден план и следствено на тоа ќе дебатираат во името на граѓаните за разни прашања од општествениот живот.

Советниците од редовите на ВМРО ДПМНЕ се против ставот за домување на бегалци и странци и нивно интегрирање односно наседување во Општина Прилеп. Овој предлог на Централно ниво на СДСМ веднаш ја разбранува прилепската јавност од една и македонската јавност во целина од друга страна. Со прифаќањето на оваа Предлог стратегија ќе се наруши социо-економскиот и безбедносен систем на Република Македонија.

Советничката група на ВМРО ДПМНЕ во прилепскиот совет се изјасни за неприфаќање на оваа предлог предавничка стратегија донесена од Владата на Република Македонија.

Со овој потег Прилеп не е нехуман град. Во минатото прилепчани докажаа дека се хумани луѓе. Секој пат кога е потребно се помагало без разлика на вера, национална припадност, раса, и боја на кожа.

Но овде станува збор дека обичниот прилепчанец е загрозен. Со интеграцијата на миграција ќе се наруши социо-економскиот, безбедносниот и најважно од се демографскиот карактер на градот под Марковите кули.

На вакво сензитивно прашање треба да се јави лидерот на прилепскиот разгранок на СДСМ Сашо Велески-Велесо. Но, тоа него лично не го тангира ова прашање. Во овој момент сигурно за него е поважно да се вгнезди во некој УО на добро стоечка државна институција каде има дебели паушали и хонорари.

Треба да се јави народниот пратеник од редовите на СДСМ, нарцисоидната личност Хари Локвенец и како прилепски претставник во Законодавниот дом да каже пред својот прилепски електорат дали дава истиот зелено светло по ова чувствително прашање.

Исто така, треба да се јави и личноста од Извршната власт, поточно актуелниот Министер за транспорт и врски Горан Сугарески и со тоа, да го чујат на дело прилепчани неговиот став по ова прашање.

Прилепските социјал демократи приморани се да работат по диктат од Централата во Скопје. Но, истите знаат дека нивните сограѓани сакат мир во сопствениот двор.

Пулсот на обичниот прилепчанец ќе биде дадениот црвен картон од нивна страна на плавите момчиња на 15 октомври кога ќе се гласа за татко на градот и советници во прилепскиот совет.

***Дипл.Екк.Рубинчо В.Јованоски од Прилеп***